# ТУРИЗАМ



## *МК – НИ 047-1*
## *ТУРИСТИЧКИ ПРОМЕТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*

1 Меѓународна туристичка посетеност

## Дефиниција

Индикаторот го покажува вкупниот број на странски туристи по години на ниво на држава и според статистичките региони и структурата на посетителите по земја на припадност.

## Единици

- Број

## Клучно прашање за креирање на политиката

**Дали бројот на туристи во Република Македонија има развојна димензија?**

## Клучна порака

Во поглед на меѓународната туристичка посетеност, вкупниот број на странски туристи во разгледуваниот период има развоен карактер, односно тренд на покачување од 229%.

Грција има значителен удел во бројот на странски туристи во Македонија во разгледуваниот период со 429.475 туристи. Гледано по статистички региони најголем број странски туристи пристигнале во Скопскиот и Југозападниот регион. Во однос на доаѓањето на странски туристи по видови места, најголем број туристи има во Скопје со 1.153.147 туристи, а најмал број во бањските места со 39.995 туристи.

Со оглед на тоа дека туризмот претставува организирана дејност, неопходно е следење на овие показатели и активирање на организациските структури во заштитата на животната средина и нејзиното унапредување преку навремени интервенции и плански активности.

Слика 1. Вкупен број на странски туристи



Слика 2. Вкупен број на странски туристи по земја на припадност во резгледуваниот период




Слика 3. Држави кои имаат значителен удел во бројот на странски туристи




Слика 4. Доаѓања на странски туристи според статистички региони




Слика 5. Доаѓања на странски туристи по видови места во периодот од 2003 до 2013 година




**Опфат на податоци**: excel

**Извор на податоци:** Државен завод за статистика

# Оценка

Од податоците на сликите може да се вооочи дека Република Македонија е посетена од голем број на земји во светот. Преовладуваат туристи од Европа, Северна Америка, Азија, и Австралија. Во структурата на посетеност во анализираниот период, доминантно место заземаат туристите од непосредното опкружување. Водечко место во првите дваесет држави кои имаат значителен удел во вкупниот број на странски туристи, имаат туристите од Грција Србија и Црна Гора, Бугарија, Турција, Албанија и Србија, додека од останатите континенти најмногубројни се туристите од Соединетите Американски Држави и Русија. Развојот на атрактивната и рецептивната база на Република Македонија треба да овозможи поголемо присуство на туристи од западноевропските земји кои имаат поголема туристичка традиција, а со тоа и повисоко туристичко културно ниво. Бројот на странски туристи има значителен тренд

на зголемување и тоа од 121.337 туристи во 1997 година на 399.680 туристи во 2013 година. Грција, во разгледуваниот период, има најголем удел од 11,57%, односно 429.475 туристи, додека Јужна Африка има најмал удел од 0,006%, односно 234 туристи, во вкупниот број на странски туристи во Македонија.

Според регионалната дистрибуција водечки регионални центри се Скопскиот со 1.411.421 туристи и Југозападниот регион со 1.048.208 туристи, што укажува на два диференцирани региона со различни карактеристики. Во Југозападниот регион доминира атрактивноста на ресурсите, а во Скопскиот можноста за деловни активности. Останатите регионални целини поседуваат алтернативни можности кои произлегуваат од различните животни средини, затоа е битно да се следи посетеноста на странските туристи во поглед на редистрибуцијата на посетеноста.

Во однос на доаѓањето на странски туристи по видови места, најголем удел во вкупниот број на туристи има во Скопје со 40,79%, потоа следат другите туристички места со 34,43%, други места со удел од 19,55%, планински места со удел од 3,8% и најмал удел имаат бањските места со 1,41% во вкупниот број на туристи.

# Методологија

- Методологија за пресметка на индикаторот

Податоците за туристите се добиени врз основа на редовните месечни извештаи на угостителските и другите деловни субјекти кои на туристите им даваат услуги за сместување, односно посредуваат во обезбедувањето на тие услуги. Извор на податоците се книгите за гости кои, според законските прописи, овие деловни субјекти задолжително треба да ги водат.

# Релевантност за креирање на политиката

## Листа на релевантни политички документи

- **Национална стратегија за развој на туризмот од 2009 до 2013 година**
- Во **Националниот еколошки акционен план - 2** - во Делот 4.2.6. Туризам - даден е главниот предизвик за одржлив развој на туризмот, реализацијата на економските потенцијали со најмало можно влијание врз животната средина.
- Во **Просторниот план на Република Македонија** – во Глава 5.4. „Развој на туризмот и организација на туристичките простори“ - дадена е оценка на состојбите, целите и планските определби за развој на туризмот.
- **Националната стратегија за одржлив развој во Република Македонија** – во делот за Туризам ги дава насоките за одржлив развој на туризмот краткорочно, среднорочно и долгорочно до 2030 година.
- **Стратегијата и Акциониот план за заштита на биолошката разновидност на Република Македонија** – во мерка В.5 „Поттикнување на традиционалното користење на биолошката разновидност и екотуризмот“- дава акција за идентификација на локалитети погодни за екотуризам.

## Законска основа

**Законот за туристичка дејност** ги утврдува условите и начинот за вршење на туристичка

дејност (Глава 15 - Услуги во селски, етно и еколошки туризам), Закон за угостителска дејност.

**Законот за животна средина**, **Законот за заштита на природата**, **Законот за управување со отпадот**, **Законот за квалитет на амбиентниот воздух** и **Законот за води** делумно ги регулира барањата за заштита на животната средина во туристичката дејност.

## Цели

- Интеграција на принципите на одржливиот развој и аспектите на животната средина во секторот туризам
- Определување на подрачја од приоритетно значење за развој на туризмот
- Поттикнување на размена на најдобра практика меѓу јавните и приватните туристички интереси
- Заштита на природното богатство и биодиверзитетот во туристичките дестинации
- Воведување и спроведување на законска регулатива во областа на туризмот, која ќе пропишува заштита на животната средина
- Промовирање на органско фармерство, производство на здрава храна и особено, традиционално производство на некои производи (на пример, сирење, вино), производство на мед, одгледување на билки итн.
- Промовирање на одредени типови на туризам како што се вински туризам, ловечки туризам, следење на птици итн.

## Обврска за известување

- Годишно до EUROSTAT
- Светска туристичка организација WTO
- Годишен статистички преглед за туризам и други услуги
- Петтогодишна анкета за странски туристи во сместувачките објекти

## Општи мета-податоци

| Ознака | Име на индикаторот | Усогласеност со CSI/EEA или други индикатори | | Класификација по **ДПСИР** | Тип | Поврзаност со област | Фреквенција на публикување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **МК НИ 047-1** | Туристички промет во Република Македонија, Меѓународна туристичка посетеност | TOUR 12 | Tourism intesity | **Д, П** | А | Биолошка разновидност<br>природа<br>политики<br>отпад<br>вода<br>воздух<br>транспорт<br>почва | Годишно<br>Петтогодишно |

***МК – НИ 047-2***
***ТУРИСТИЧКИ ПРОМЕТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***

# 2 Ноќевања на странски туристи

## Дефиниција

Индикаторот го покажува вкупниот број на ноќевања на странски туристи по години на ниво на држава и според статистичките региони. Исто така, ја покажува структурата на ноќевањата и просечниот престој на туристите по земја на припадност.

## Единици

- Број

## Клучно прашање за креирање на политиката

### Каков е трендот на ноќевања на странски туристи во Република Македонија?

## Клучна порака

Во поглед на меѓународната туристичка посетеност, ноќевањата на странски туристи во разгледуваниот период има тренд да покачување од 232%.

Холандија има значителен удел во ноќевањата на странски туристи во Македонија, во разгледуваниот период со 4,09 дена просечебн престој на туристите. Гледано по статистички региони најголем број ноќевања се остварени во Југозападниот и Скопскиот регион. Во однос на ноќевањата на странски туристи по видови места, најголем број ноќевања се остварени во други туристички места со 2.602.955 ноќевања, а најмал број бањските места со 233.471 ноќевања.

Слика 1. Вкупен број на ноќевања на странски туристи



Слика 2. Вкупен број на ноќевања и просечен престој на странски туристи по земја на припадност




Слика 3. Држави кои имаат значителен удел во просечниот престој на странски туристи



Слика 4. Ноќевања на странски туристи според статистички региони




Слика 5. Ноќевања на странски туристи по видови места




**Опфат на податоци**: excel

**Извор на податоци:** Државен завод за статистика

# Оценка

Ноќевањата ја следат посетеноста на странски туристи во Република Македонија. Од сумираните резултати може да се воочи дека најголем број ноќевања оствариле туристите од Европските земји, Холандија е земја која има најголем удел во просечниот престој на туристите и изнесува 4,09 дена. Од останатите континенти најголем просечен престој имаат туристите од Руската Федерација со 3,08 дена. Следењето на движењата овозможува да следиме во која мерка атрактивноста на животната средина се приспособува кон барањата на

овие посетители.

Регионалната дистрибуција на странските остварени ноќевања, покажува дека туристите во Југозападниот регион оствариле најголем број ноќевања, по што следува Скопскиот регион што е неповолна околност која се наоѓа во контекст на странската туристичка посетеност, затоа што се работи за посетители во претежно урбана средина. Следењето на односите во регионалната дистрибуција на ноќевања, остварени од странски туристи, овозможува согледувања за преземените мерки за остварување на ноќевања во други регионални целини со посебни вредности.

Просечниот престој на странски туристи, овозможува да го следиме нивото на преокупираност со карактеристиките на животната средина. Од сликата може да се воочи дека странските туристи релативно кратко престојуваат во Република Македонија. Оваа должина изнесува просечно околу 2,26 дена во анализираниот период што е забележително заостанување во однос на просечниот престој на домашните туристи кој изнесува 4,7 дена.

Во однос на ноќевањата на странски туристи по видови места, најголем удел во вкупниот број на ноќевања има во другите туристички места со 41,39%, потоа следи Скопје со 34,51%, други места со удел од 16,43%, планински места со удел од 3,95% и најмал удел имаат бањските места со 3,71% во вкупниот број на ноќевања.

# Методологија

- Методологија за пресметка на индикаторот

Податоците за туристите се добиени врз основа на редовните месечни извештаи на угостителските и другите деловни субјекти кои на туристите им даваат услуги за сместување, односно посредуваат во обезбедувањето на тие услуги. Извор на податоците се книгите за гости кои, според законските прописи, овие деловни субјекти задолжително треба да ги водат.

# Релевантност за креирање на политиката

## Листа на релевантни политички документи

- **Национална стратегија за развој на туризмот од 2009 до 2013 година**
- Во **Националниот еколошки акционен план - 2** - во Делот 4.2.6. Туризам - даден е главниот предизвик за одржлив развој на туризмот, реализацијата на економските потенцијали со најмало можно влијание врз животната средина.
- Во **Просторниот план на Република Македонија** – во Глава 5.4. „Развој на туризмот и организација на туристичките простори“ - дадена е оценка на состојбите, целите и планските определби за развој на туризмот.
- **Националната стратегија за одржлив развој во Република Македонија** – во делот за Туризам ги дава насоките за одржлив развој на туризмот краткорочно, среднорочно и долгорочно до 2030 година.
- **Стратегијата и Акциониот план за заштита на биолошката разновидност на Република Македонија** – во мерка В.5 „Поттикнување на традиционалното користење на биолошката разновидност и екотуризмот“- дава акција за идентификација на локалитети погодни за екотуризам.

## Законска основа

**Законот за туристичка дејност** ги утврдува условите и начинот за вршење на туристичка дејност (Глава 15 - Услуги во селски, етно и еколошки туризам), Закон за угостителска дејност.

**Законот за животна средина**, **Законот за заштита на природата**, **Законот за управување со отпадот**, **Законот за квалитет на амбиентниот воздух** и **Законот за води** делумно ги регулира барањата за заштита на животната средина во туристичката дејност.

# Цели

- Интеграција на принципите на одржливиот развој и аспектите на животната средина во секторот туризам
- Определување на подрачја од приоритетно значење за развој на туризмот
- Поттикнување на размена на најдобра практика меѓу јавните и приватните туристички интереси
- Заштита на природното богатство и биодиверзитетот во туристичките дестинации
- Воведување и спроведување на законска регулатива во областа на туризмот, која ќе пропишува заштита на животната средина
- Промовирање на органско фармерство, производство на здрава храна и особено, традиционално производство на некои производи (на пример, сирење, вино), производство на мед, одгледување на билки итн.
- Промовирање на одредени типови на туризам како што се вински туризам, ловечки туризам, следење на птици итн.

# Обврска за известување

- Годишно до EUROSTAT
- Светска туристичка организација WTO
- Годишен статистички преглед за туризам и други услуги
- Петтогодишна анкета за странски туристи во сместувачките објекти

# Општи мета-податоци

| Ознака | Име на индикаторот | Усогласеност со CSI/EEA или други индикатори | | Класификација по **ДПСИР** | Тип | Поврзаност со област | Фреквенција на публикување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **МК НИ 047-2** | Туристички промет во Република Македонија, Ноќевања на странски туристи | TOUR 12<br><br>TOUR 33 | Tourism Intensity<br><br>Overnights spent in tourism accomodations | **Д, П** | А | Биолошка разновидност<br>природа<br>политики<br>отпад<br>вода<br>воздух<br>транспорт<br>почва | Годишно<br>Петтогодишно |

***МК – НИ 047-3***
***ТУРИСТИЧКИ ПРОМЕТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
3 Домашна туристичка посетеност

## Дефиниција

Индикаторот го покажува вкупниот број, бројот на ноќевања и просечниот престој на домашни туристи по години на ниво на држава и според статистичките региони.

## Единици

- Број

## Клучно прашање за креирање на политиката

**Дали бројот на домашни туристи, ноќевањата и просечниот престој има развојна димензија?**

## Клучна порака

Во поглед на домашната туристичка посетеност, вкупниот број на туристи во разгледуваниот период има тренд на опаѓање од 26%. Исто така, може да се види дека остварените ноќевања ја следат туристичката посетеност и во разгледуваниот период има тренд на опаѓање од 35,2%. Просечниот престој на домашните туристи од 4,75 дена во 2000 година, се намалил на 4,22 дена во 2013 година.

Гледано по статистички региони најголем број и ноќевања на домашни туристи има во Југозападниот регион, а најмал во Североисточниот регион.

Во однос на доаѓањето на домашни туристи по видови места, најголем број домашни туристи има во другите туристички места со 2.105.414 туристи, а најмал број во бањските места со 216.242 туристи. Во однос на ноќевањата на домашните туристи по видови места, најголем број ноќевања има во другите туристички места со 12.545.945 ноќевања, а најмал број во Скопје со 333.334 ноќевања.

Слика 1. Вкупен број на домашни туристи и број на ноќевања



Слика 2. Просечен престој на домашни туристи




Слика 3. Број на домашни туристи и број на ноќевања според статистички региони




Слика 4. Доаѓања на домашни туристи по видови места во периодот од 2003 до 2013 година




Слика 5. Ноќевања на домашни туристи по видови места во периодот од 2003 до 2013 година




**Опфат на податоци**: excel

**Извор на податоци:** Државен завод за статистика

## Оценка

Бројот на домашни туристи има тренд на опаѓање од 26%, имено во 2000 година има најголем

број на домашни туристи, а во 2001 година има најмал број на туристи. Слични карактеристики бележат и остварените ноќевања од страна на домашните туристи, односно најголем број ноќевања е остварен во 2000 година, а во 2001 година има најмал број на ноќевања. И во поглед на просечниот престој резултатите ги одразуваат овие односи, односно од 2007 до 2013 гозина има значителен пад во бројот на ноќевањата. Најмал просечен престој од 4,22 дена има во 2013 година, а најголем во 2003 година од 5,1 ден.

Доминантен регион во поглед на дистрибуцијата на домашните туристи има Југозападниот регион што може да се оцени како поволност но и нерамномерна дистрибуција. Следењето на овие показатели треба да овозможи во која мерка ќе се зголеми бројот на домашни туристи и во другите регионални целини како одраз на афирмацијата на елементите на животната средина во туристичката понуда на домашниот туристички пазар.

Исто така може да се види дека остварените ноќевања ја следат туристичката посетеност како одраз на атрактивноста на животната средина така што најголем број ноќевања има во Југозападниот регион. Следењето на ноќевањата ќе овозможи во која мерка регионалните целини ќе ја подобрат атрактивната основа како фактор за остварување на поголем број ноќевања.

Во однос на доаѓањето на домашни туристи по видови места, најголем удел во вкупниот број на туристи има во другите туристички места со 60,52%, потоа следат планински места со 13,48%, други места со удел од 13,34%, Скопје со удел од 6,45% и најмал удел имаат бањските места со 6,22% во вкупниот број на туристи.

Во однос на ноќевањата на домашните туристи по видови места, најголем удел во вкупниот број на ноќевања има во другите туристички места со 60,52%, потоа следат бањските места со 13,48%, планински места со удел од 13,34%, со удел други места од 6,45% и најмал удел има Скопје со 6,22% во вкупниот број на ноќевања.

# Методологија

- Методологија за пресметка на индикаторот

Податоците за туристите се добиени врз основа на редовните месечни извештаи на угостителските и другите деловни субјекти кои на туристите им даваат услуги за сместување, односно посредуваат во обезбедувањето на тие услуги. Извор на податоците се книгите за гости кои, според законските прописи, овие деловни субјекти задолжително треба да ги водат.

# Релевантност за креирање на политиката

## Листа на релевантни политички документи

- **Национална стратегија за развој на туризмот од 2009 до 2013 година**
- Во **Националниот еколошки акционен план - 2** - во Делот 4.2.6. Туризам - даден е главниот предизвик за одржлив развој на туризмот, реализацијата на економските потенцијали со најмало можно влијание врз животната средина.
- Во **Просторниот план на Република Македонија** – во Глава 5.4. „Развој на туризмот и организација на туристичките простори“ - дадена е оценка на состојбите, целите и планските определби за развој на туризмот.

- **Националната стратегија за одржлив развој во Република Македонија** – во делот за Туризам ги дава насоките за одржлив развој на туризмот краткорочно, среднорочно и долгорочно до 2030 година.
- **Стратегијата и Акциониот план за заштита на биолошката разновидност на Република Македонија** – во мерка В.5 „Поттикнување на традиционалното користење на биолошката разновидност и екотуризмот"- дава акција за идентификација на локалитети погодни за екотуризам.

### Законска основа

**Законот за туристичка дејност** ги утврдува условите и начинот за вршење на туристичка дејност (Глава 15 - Услуги во селски, етно и еколошки туризам), Закон за угостителска дејност.

**Законот за животна средина**, **Законот за заштита на природата**, **Законот за управување со отпадот**, **Законот за квалитет на амбиентниот воздух** и **Законот за води** делумно ги регулира барањата за заштита на животната средина во туристичката дејност.

## Цели

- Интеграција на принципите на одржливиот развој и аспектите на животната средина во секторот туризам
- Определување на подрачја од приоритетно значење за развој на туризмот
- Поттикнување на размена на најдобра практика меѓу јавните и приватните туристички интереси
- Заштита на природното богатство и биодиверзитетот во туристичките дестинации
- Воведување и спроведување на законска регулатива во областа на туризмот, која ќе пропишува заштита на животната средина
- Промовирање на органско фармерство, производство на здрава храна и особено, традиционално производство на некои производи (на пример, сирење, вино), производство на мед, одгледување на билки итн.
- Промовирање на одредени типови на туризам како што се вински туризам, ловечки туризам, следење на птици итн.

## Обврска за известување

- Годишно до EUROSTAT
- Светска туристичка организација WTO
- Годишен статистички преглед за туризам и други услуги
- Петтогодишна анкета за странски туристи во сместувачките објекти

## Општи мета-податоци

| Ознака | Име на индикаторот | Усогласеност со CSI/EEA или други индикатори | Класификација по **ДПСИР** | Тип | Поврзаност со област | Фреквенција на публикување |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **МК НИ 047-3** | Туристички промет во Република Македонија, Меѓународна туристичка посетеност | TOUR 12<br><br>TOUR 33 | Tourism Intensity<br><br>Overnights spent in tourism accomodations | **Д, П** | А | Биолошка разновидност<br>природа<br>политики<br>отпад<br>вода<br>воздух<br>транспорт<br>почва | Годишно<br>Петтогодишно |

***МК – НИ 048***

ТУРИСТИЧКИ ОБЕМ И ДИНАМИКА НА КАПАЦИТЕТИТЕ






## Дефиниција

Сместувачките капацитети претставуваат супраструктурални објекти кои овозможуваат посета и престој на туристите во определена животна средина. Нивното следење овозможува да се согледа развојот на регионот. Индикаторот го покажува бројот на објекти за сместување, соби и легла.

## Единици

- Број на објекти, број на соби и број на легла.

## Клучно прашање за креирање на политиката

**Какво е влијанието на сместувачките капацитети врз животната средина?**

## Клучна порака

Бројот на сместувачки единици може да има позитивно и негативно влијание. Позитивните влијанија се сврзани со правилното искористување на просторот за лоцирање на капацитетите, а негативно кога на несоодветен начин се окупира просторот со сместувачки капацитети.

Вкупниот број на капацитети за сместување – објекти во периодот од 2000 до 2013 година има тенденција на пораст од 70,7%. За разлика од бројот на објекти, бројот на соби и легла има тренд на опаѓање од 0,9% - соби и 4,7% - легла, што се должи на подобрување на стандардот во објектите за сместување.

Во однос на структурата на капацитетите за сместување важно е да се акцентира дека зголемувањата се присутни кај објектите од хотелски карактер, а дека намалувањата, пред сè, се во областа на работничките одморалишта и некатегоризирани објекти за сместување. Бројот на хотелските капацитети во 2013 година во однос на 2008 пораснал за 31,14%, бројот на куќи, станови за одмор и соби за издавање во истиот период се намалил за 45,7%, а на преноќишта за 44,4%.

Слика 1. Вкупен број на капацитети за сместување – објекти




Слика 2. Вкупен број на капацитети за сместување – соби и легла



Слика 3. Капацитети за сместување – објекти структура




Слика 4. Капацитети за сместување – соби структура



Слика 5. Капацитети за сместување – легла структура




**Опфат на податоци**: **excel**

**Извор на податоци:** Државен завод за статистика

# Оценка

За прв пат во 2008 година се воведе статистичко следење на објектите за сместување со ѕвездички. Категоризацијата на објектите со ѕвездички не може да се поврзе по автоматизам со категоризацијата со која претходно се следеа објектите, и поради тоа има прекин во годишните серии на податоци.

Вкупниот број на капацитети за сместување – објекти во периодот од 2000 до 2013 година има тенденција на пораст од 70,7%. За разлика од бројот на објекти, бројот на соби и легла има тренд на опаѓање од 0,9% - соби и 4,7% - легла, што се должи на подобрување на стандардот во објектите за сместување. Во однос на структурата на капацитетите за сместување важно е да се акцентира дека зголемувањата се присутни кај објектите од хотелски карактер, а дека намалувањата, пред сè, се во областа на работничките одморалишта и некатегоризирани објекти за сместување. Бројот на хотелските капацитети во 2013 година во однос на 2008 пораснал за 31,14%, бројот на куќи, станови за одмор и соби за издавање во истиот период се намалил за 45,7%, а на преноќишта за 44,4%. Ова може да се оцени како позитивна тенденција затоа што е плод на трансформација на некомерцијалниот во комерцијален сектор, кој во поголема мерка ќе мора да ги почитува стандардите за заштита на животната средина.

Во категоријата на мотели бројот на соби и легла има најголем пораст од 174,7% (соби) и 128,89% (легла), а во категоријата на коли за спиење бројот на соби и легла има најголем пад од 68% (соби) и 77,53% (легла).

# Методологија

- Методологија за пресметка на индикаторот

Тенденција на развој на сместувачки единици.

Учество на одделните видови сместувачки капацитети во вкупниот број.

# Релевантност за креирање на политиката

## Листа на релевантни политички документи

- **Национална стратегија за развој на туризмот од 2009 до 2013 година**
- Во **Националниот еколошки акционен план - 2** - во Делот 4.2.6. -Туризам, даден е главниот предизвик за одржлив развој на туризмот, реализацијата на економските потенцијали со најмало можно влијание врз животната средина.
- Во **Просторниот план на Република Македонија** – во Глава 5.4. „Развој на туризмот и организација на туристичките простори" дадена е оценка на состојбите, целите и планските определби за развој на туризмот.
- **Националната стратегија за одржлив развој во Република Македонија** – во делот за туризам ги дава насоките за одржлив развој на туризмот краткорочно, среднорочно и долгорочно до 2030 година.
- **Стратегијата и Акциониот план за заштита на биолошката разновидност на Република Македонија** – во мерка B.5 „Поттикнување на традиционалното користење на биолошката разновидност и екотуризмот", дава акција за идентификација на локалитети погодни за екотуризам.

## Законска основа

Законот за туристичка дејност ги утврдува условите и начинот за вршење на туристичка дејност (Глава 15 - Услуги во селски, етно и еколошки туризам), Закон за угостителска дејност.

Законот за животна средина, Законот за заштита на природата, Законот за управување со отпадот, Законот за квалитет на амбиентниот воздух и Законот за води делумно ги регулира барањата за заштита на животната средина во туристичката дејност.

# Цели

- Интеграција на принципите на одржливиот развој и аспектите на животната средина во секторот туризам
- Определување на подрачја од приоритетно значење за развој на туризмот
- Поттикнување на размена на најдобра практика меѓу јавните и приватните туристички интереси
- Заштита на природното богатство и биодиверзитетот во туристичките дестинации
- Воведување и спроведување на законска регулатива во областа на туризмот, која ќе пропишува заштита на животната средина
- Промовирање на органско фармерство, производство на здрава храна и особено, традиционално производство на некои производи (на пример, сирење, вино), производство на мед, одгледување на билки итн.

- Промовирање на одредени типови на туризам како што се вински туризам, ловечки туризам, следење на птици итн.

## Обврска за известување

- Статистички годишник
- WTO
- EUROSTAT

## Општи мета-податоци

| Ознака | Име на индикаторот | Усогласеност со CSI/EEA или други индикатори | | Класификација по **ДПСИР** | Тип | Поврзаност со област | Фреквенција на публикување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **МК НИ 048** | Туристички обем и динамика на капацитетите | TOUR 14 | Tourism density | **С, П** | А | Биолошка разновидност<br>природа<br>политики<br>отпад<br>вода<br>воздух<br>транспорт | Годишно |

***МК – НИ 049***

МЕСТОТО НА ТУРИЗМОТ ВО ЕКОНОМИЈАТА

## Дефиниција

Учеството во БДП претставува процентуално учество на бруто - додадената вредност од областа на туризмот во вкупниот бруто - домашен производ на национално ниво.

## Единици

- %.

## Клучно прашање за креирање на политиката

***Какво е влијанието на туризмот кое се потпира на карактеристиките на животната средина врз економскиот развој на Република Македонија?***

## Клучна порака

Учеството на туризмот врз економскиот развој на Република Македонија има многу мал удел. Најголем удел имало во 2003 година со учество од 1,9 %, а најмал во 2013 со учество од 1,02%. Учеството на туризмот во вкупнниот бруто – домашен производ има постојан тренд на опаѓање.

Слика 1. Учеството на туризмот во БДП во %




**Опфат на податоци**: excel

**Извор на податоци:** Државен завод за статистика

## Оценка

Од сликата се гледа дека учеството на турзмот во БДП е релативно ниско и дека има опаѓачки

карактеристики, односно нема подобрување. Најголем удел имало во 2003 година со учество од 1,9%, а најмал од 1,02% во 2013 година. Следењето треба да овозможи увид во која мерка се подобруваат ефектите од туристичкиот развој во животната средина.

Од остварените приходи по основ на туристичка такса и даноци ќе се овозможи уредување и заштита на животната средина, а од остварените приходи ќе се отвори можност правните и физичките лица да ги подобрат условите за живот и работни активности.

# Методологија

- Методологија за пресметка на индикаторот

Учество на додадената вредност од туризам во БДП.

# Релевантност за креирање на политиката

## Листа на релевантни политички документи

- **Национална стратегија за развој на туризмот од 2009 до 2013 година**
- Во **Националниот еколошки акционен план - 2** - во Делот 4.2.6. - Туризам -даден е главниот предизвик за одржлив развој на туризмот, реализацијата на економските потенцијали со најмало можно влијание врз животната средина.
- Во **Просторниот план на Република Македонија** – во Глава 5.4. „Развој на туризмот и организација на туристичките простори” - дадена е оценка на состојбите, целите и планските определби за развој на туризмот.
- Во **Национална стратегија за одржлив развој во Република Македонија** – во делот за туризам дадени се насоките за одржлив развој на туризмот краткорочно, среднорочно и долгорочно до 2030 година.
- **Стратегијата и Акциониот план за заштита на биолошката разновидност на Република Македонија** – во мерка В.5 „Поттикнување на традиционалното користење на биолошката разновидност и екотуризмот” дава акција за идентификација на локалитети погодни за екотуризам.

## Законска основа

Законот за туристичка дејност ги утврдува условите и начинот за вршење на туристичка дејност, Закон за угостителска дејност.

Законот за животна средина, Законот за заштита на природата, Законот за управување со отпадот, Законот за квалитет на амбиентниот воздух и Законот за води делумно ги регулира барањата за заштита на животната средина во туристичката дејност.

# Цели

- Интеграција на принципите на одржливиот развој и аспектите на животната средина во секторот туризам
- Определување на подрачја од приоритетно значење за развој на туризмот
- Поттикнување на размена на најдобра практика меѓу јавните и приватните туристички интереси
- Заштита на природното богатство и биодиверзитетот во туристичките дестинации

- Воведување и спроведување на законска регулатива во областа на туризмот, која ќе пропишува заштита на животната средина
- Промовирање на органско фармерство, производство на здрава храна и особено, традиционално производство на некои производи (на пример, сирење, вино), производство на мед, одгледување на билки итн.
- Промовирање на одредени типови на туризам како што се вински туризам, ловечки туризам, следење на птици итн.

## Обврска за известување

- Годишна публикација за бруто-домашен производ
- Статистички годишник

## Општи мета-податоци

| Ознака | Име на индикаторот | Усогласеност со CSI/EEA или други индикатори | | Класификација по **ДПСИР** | Тип | Поврзаност со област | Фреквенција на публикување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **МК НИ 049** | **Местото на туризмот во економијата** | TOUR35 | Economic value of tourism industry | **Д** | В | Биолошка разновидност<br>природа<br>политики<br>отпад<br>вода<br>воздух<br>транспорт | Годишно |